# МОТУС АРТ







2026



НУЦК „ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ" КУМАНОВО

Септември 2026

# МАРТ
# МОТУС
# 2026



Издавач: Здружение за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски вредности - МОТУС Куманово
Уредник: М-р Мирољуб Голубовски
Печати: Здружение за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски вредности - МОТУС Куманово
Copyright: Здружение за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски вредности - МОТУС Куманово ©
Фотографии: Дејан Ангеловски, Боро Арсовски и Лара Ташковска
Графички дизајн: Дејан Ангеловски
Тираж: 100 примероци
Организациски одбор: М-р Мирољуб Голубовски, Дејан Ангеловски и Глигор Максимовски
Место на издавање: Куманово
Година на издавање: 2026

# Јоана
# АРСОВСКА



Родена 2000 г. во Скопје, Р. С. Македонија. Средно образование завршила во уметничкото училиште ДСУЛУД "Лазар Личеноски" во 2019 г. Дипломирала во 2023 г. на Факултетот за ликовни уметности - Скопје на сликарска катедра со модул конзервација и реставрација. Магистрирала на Факултетот за ликовни уметности - Скопје под менторство на проф. м-р Антони Мазневски. Од 2023 г. е член на ДЛУМ, каде активно зема учество. Добитник е на наградата "Четирите мајстори на модернизмот" во 2023 година доделена од страна на Факултетот за ликовни уметности - Скопје. Прва самостојна изложба "Точка на спојување" 2025 година-КИЦ Битола (Офицерски дом). Досега има учествувано на повеќе домашни и интернационални изложби меѓу кои "Експериментален цртеж" Kunst Depot-Венеција, Италија, "Голем формат" Дом на АРМ - Скопје, "61 st fine Arts" НУЦК Антон Панов-Струмица и "Млада уметност" МКЦ-Скопје. Учествувала на повеќе ликовни колонии како "61ва интернационална ликовна колонија во Струмица и "12та ликовна колонија на мобилност на Македонија" во Охрид. Работи како ликовен педагог во ООУ "Партенија Зографски"- Кисела Вода, Скопје.



КОН БИТОЛА - УТРО | 40x91 | ДИПТИХ | МАСЛО НА ПЛАТНО | 2025



# Боро
# АРСОВСКИ

Роден 1964 година во Скопје. Средно Уметничко Училиште завршил 1983 година во родниот град а дипломирал на Факултетот за Ликовни Уметности - Скопје во 1990 година. Член е на ДЛУМ од 1990 година. Работи како редовен професор во Државното Средно Училиште за Ликовна Уметност и Дизајн Лазар Личеноски во Скопје.

Како надворешен стручен соработник предавач е на предметот Композиција и Фотографија при ПВУ Универзитет Американ Колеџ UACS Скопје. Досега има реализирано неколку самостојни и повеќе групни изложби во земјава и странство, како и повеќе гостувања на ликовни колонии и проекти.

е-маил : boroaber@gmail.com




УРБАНО 1 | 60x60 | АКРИЛ НА ПЛАТНО | 2025

# Гоце Божурски



Роден 1958 година во Куманово. Во 1984 година дипломира историја на уметност во Скопје, во класата на проф. Борис Петковски. Професионалната кариера ја започнува како кустос во Уметничката галерија во Куманово, а извесен период бил и директор на кумановскиот театар. Речиси две децении работел како советник во одделот за ликовна дејност при Министерството за култура.Повеќе од четири децении е активно присутен на ликовната сцена како сликар. Автор е на триесетина самостојни изложби во земјата и странство и учесник на бројни меѓународни групни изложби. За своето творештво има добиено повеќе национални и меѓународни награди, признанија и плакети.Со ликовна критика се занимава повеќе од четири децении. Автор е на стотици осврти и критики за македонски и странски современи уметници, како и на десет книги од областа на ликовната уметност, меѓу кои и монографии посветени на истакнати македонски уметници. Меѓу неговите позначајни признанија се наградите „Константин Мазев – Коце“, „Димитар Кондовски“, „Лазар Личеноски“, „Златна четка“, „Остенов уметник на годината“ и „Музејски работник на годината“.




СРЕЌНА 13 | 120x90 | МАСЛО НА ПЛАТНО | 2024



# Драган
# БОШКОВСКИ

Роден 1954 година во Куманово, каде живее и работи и ден денес. Завршил средно стручно техничко училиште „Наце Буѓони“ во Куманово. Работниот век го поминал во Фабриката за заварени цеви и профили „11 Октомври“ - Куманово во одделот алатница. Со ликовната уметност се занимава од најраната младост. Слика во техниката масло на платно, лесонит, картон, шперт плоча и дрво. Од 2001 година, со своите дела, редовно учествува на изложбата „Самоуки“ во организација на Националната Установа Центар за Култура „Трајко Прокопиев“ во Куманово. Има реализирано една самостојна изложба. Неговиот творечки опус надминува над четиристотини уметнички дела, од кои добар дел се наоѓаат во приватни колекции на просторите од поранешна Југославија, Холандија и Соединетите Американски Држави. Во пензионерските денови сеуште е активен во светот на ликовната уметност.

Контакт: +398 75 608 509




ВНАТРЕШЕН ИЗРАЗ | 82x89 | МАСЛО НА ПЛАТНО | 2026

# Далибор
# ЈОВАНОВСКИ



Роден на 27 август 1983 година во Куманово, Република Северна Македонија. Средното образование го завршува во Државното средно училиште за применета уметност „Лазар Личеноски“ во Скопје, на отсекот за сликарство, во периодот од 1998 до 2002 година. Во 2003 година го продолжува своето образование на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, каде во 2008 година дипломира на одделот за графика, насока графички дизајн, во класата на професор Зоран Јакимовски. Во своето досегашно творештво има реализирано две самостојни изложби и учествувал на повеќе ликовни колонии во земјата и странство. Неговото професионално искуство е поврзано и со образовната дејност. Од 2012 година работи како наставник по ликовно образование во ООУ „Кочо Рацин“ во Куманово, каде своето знаење и искуство од областа на ликовната уметност го пренесува на младите генерации.



БЛИЦ IV | 70x80 | АКРИЛ НА ПЛАТНО | 2024



# Владимир ЛАЗОСКИ

Роден на 8.02.1946 год. во Охрид. Завршил средно уметничко училиште (вајарство) 1965 год. и Педагошка академија 1968 год. на групата ликовно воспитување. До 2010 год. работи како наставник по ликовно образование. Како ликовен педагог добил голем број награди и признанија во и надвор од РС Македонија. Бил член и претседател на голем број реализирани ученички изложби и манифестации, семинари и конгреси на ликовни педагози во и надвор од РС Македонија. Бил претседател на Детскиот ликовен центар - Здружение на ликовните педагози на Град Скопје, активен член на Сојузот на ликовните педагози на Македонија, организатор и претседател на Ликовната колонија „Љубанци", ликовниот камп „Вангел Коџоман" - Струга и на ликовната колонија Св. Пантелејмон" - Нерези. Работи на полето на вајарството и сликарството. Самостојно излагал во Ново Место (Словенија), Сараево (БиХ) и повеќе пати во РС Македонија. Учесник е на многубројни групни изложби и ликовни колонии, како кај нас така и во странство.



КОМПОЗИЦИЈА МВ-4 | 45x60 | АКРИЛ НА ПЛАТНО | 2025

# Данчо
# ОРДЕВ

Роден 07.05.1945 во Скопје. Студирал на Факултетот за применета уметност во Скопје и на Академијата за ликовни уметности во Загреб, Р. Хрватска, каде што дипломирал во 1969 година.
По враќањето во Скопје во 1973 година, работел како графички дизајнер во „Нова Македонија", а подоцна и како професор по методика на ликовно образование на Педагошката академија и на Факултетот за ликовни уметности.
Паралелно со својата наставничка кариера, развил плодна практика како сликар, графички уметник и дизајнер, продолжувајќи ги своите студии во Италија, СССР и Франција.
Ордев е член на неколку национални и меѓународни уметнички здруженија, добитник е на бројни награди, а неговите дела се чуваат во музеи, јавни институции, културни центри и приватни колекции низ Македонија, Балканот и во странство.





65x80 | АКРИЛ НА ПЛАТНО | 2020



# Александар
# СТЕФАНОВСКИ

Роден на 7 јануари 1984 година во Куманово. Во 2008 година дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, како дипломиран ликовен педагог со графика, во класата на проф. Трајче Блажевски.

Активно учествува на повеќе домашни и меѓународни ликовни колонии, меѓу кои „Карпино", „Македонска икона", „Акварела" (Газивода, Србија), „Арт варијации", „Босилеградско лето" (Србија), „Ацо Караманов", „Ликовен конак – Грација", „Мики Трендафиловски со пријателите", „Ѓуриште", „Беране" (Црна Гора) и „Мобилност Македонија" (Охрид). Учествува и на повеќе групни изложби на кумановски ликовни уметници и графичари.

Автор е на три самостојни изложби: „Од Александар за Александар" (2007), „Мементо" (2016) и „Спокој" (2023).

Во Здружението за култура и заштита на животната средина „Натуро" е ангажиран како ликовен координатор на детските ликовни колонии „Фрагменти на мојата фантазија", реализирани во периодот 2022–2025 година.



СОБА II | 80x60 | АКРИЛ НА ПЛАТНО | 2026

# Христина
# СТОЈЧЕВСКА



Родена 1989 година во Крива Паланка. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности - Скопје во 2013 година на одел Ликовна педагогија со насока сликарство и поднасока конзервација и реставрација на икони и фрески.

Досега има реализирано една самостојна изложба и учество на многу групни изложби во земјава и странство. Има учествувано и на  голем број ликовни колонии, работилници и резиденции. Живее и работи на релација Крива Паланка - Куманово.

Контакт: +389 72 314 808
E-mail: stojcevska.hristina@gmail.com



КОЈА СУМ ЈАС, КАДЕ ОДАМ? | 140x90 | ДОПТИХ | МАСЛО НА ПЛАТНО | 2017

# Лара
# ТАШКОВСКА



Лара Ташковска е современа македонска ликовна уметница, дипломирана на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Во своето творештво работи во техниките масло, акрил и акварел. Повеќе од десет години во своето ателје посветено работи со деца, млади и возрасни, пренесувајќи им знаења и вештини од областа на ликовната уметност.

Во период од пет години живее и твори во САД, каде што активно учествува на повеќе уметнички фестивали и симпозиуми. Има реализирано повеќе самостојни изложби во Македонија и Германија, меѓу кои во Охрид, Скопје, Куманово, Кавадарци, Битола, Ресен и Берлин. Особено активна е во последните години, со изложби во повеќе значајни културни и уметнички институции.

Ташковска учествувала на околу сто групни изложби во земјата и странство. Нејзиното учество на меѓународната уметничка сцена е потврдено и преку настапи на повеќе уметнички фестивали во САД. Добитник е на наградата „Најинспиративна уметност“ на Girls, Inc. Arts and Crafts Show во Санта Фе, САД. Активен член е на ДЛУМ и ДЛУБ. Живее и работи во Скопје.



ФЕНИКС | 50x70 | АКВАРЕЛ | 2025

# Емилија и Стојче ТОЦИНОВСКИ



Авторите м-р Емилија (29.04.1973) и д-р Стојче Тоциновски (08.06.1974) се академски ликовни уменици. Како сопружници и уметници од 2011 година заедно творат создавајќи препознатлив естетски свет и сликарски ракопис. Инспирацијата е натурализмот пренесувајќи го исконското во нив. Дрвата и планините се нивен личен печат и ги има во сите нивни уметнички дела. Живеат и работат во Скопје.

Досега имаат реализирано дваесет самостојни изложби кај нас и во странство. Учесници се на голем број групни изложби и колониии. За својата досегашна работа добитници се на повеќе национални и меѓународни награди, меѓу кои Награда за дебитантски стрип Марко Крале – три наречници, 10 – ти Салон на стрип, Ликовен салон, Велес (2012); Анри Динан – признание за волонтерство, Црвен крст на Р Македонија (2018) и Un maestro per un anno un libro per sempre, прва награда, Gallery Art Casa Mexicana, Бари, Р Италија (2019).

Контакт: 00 389 78865022
E-mail: tocinovski@hotmail.com



ЈАЛДАЗЛИВА ЗЕМЈА ГО ПОКРИ ЧАЈНИКОТ | 44x44 | АКРИЛ НА ПЛАТНО | 2024



# Мирослав Мики ТРЕНДАФИЛОВСКИ

Сликар, роден 1958 г. во Куманово каде живее и работи како самостоен уметник. Досега има реализирано 37 сомостојни изложби и преку 100 групни изложби во земјава и надвор од неа. Во светот на уметноста е од својата 16-та година кога ја создава и својата прва слика „Раѓање на...“, кога и започнува неговото сликарско патишествие. Во последните дваесет и седум години од својот живот интензивно работи како уметнички раководител, координатор (селектор) и организатор на повеќе меѓународни ликовни колонии и манифестации во државата и надвор од неа.  Добитник е на повеќе награди, признанија и благодарници за своето 50 годишно ликовно творештво. Од 2022 година е автор и реализатор на проектот „ЈАС И МОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ“ со учество на педесетина автори од 15 држави, под мотото „СОНЦЕТО ПОДЕДНАКВО ГРЕЕ ЗА СИТЕ“.

Контакт: artem.studio@yahoo.com / mikiart58@gmail.com
mob: +389 78 590 650



ЛЕТ КОН СВЕТЛИНАТА | 20x20 | МАСЛО НА ПЛАТНО | 2026

## *Список на учесници и дела*

***Јоана Арсовска***
- *„Кон Битола - утро“, 40 x 91, диптих, масло на платно, 2025*
- *„Кон Битола - ден“, 40 x 91, диптих, масло на платно, 2025*
- *„Кон Битола - ноќ“, 40 x 91, диптих, масло на платно, 2025*

***Боро Арсовски***
- *„Урбано“, 60 x 60, акрил на платно, 2025*
- *„Урбано 1“, 60 x 60, акрил на платно, 2025*

***Гоце Божурски***
- *„Среќна 13“, 120 x 90, масло на платно, 2024*
- *„Орден за љубов“ 90 x 120, масло на платно, 2025*

***Драган Бошковски***
- *„Внатрешен израз“, 82 x 89, масло на платно, 2026*
- *„Дијалог на форми“, 68,1 x 58,1, масло на платно, 2026*

***Далибор Јовановски***
- *„Блиц IV“, 70 x 80, акрил на платно, 2024*
- *„Color thief“, 60x80, акрил на платно, 2023*

**Владимир Лазоски**
- *„Самовилски Игри“, 40 x 50, акрил на платно, 2025*
- *„Композиција МВ-4“, 45 x 60, акрил на платно, 2025*

***Данчо Ордев***
- *50 x 70, акрил на платно, 2026*
- *65 x 80, акрил на платно, 2020*

***Александар Стефановски***
- *„Соба II“, 80 x 60, акрил на платно, 2026*
- *„Откритие“ 80 x 60, комбинирана техника, 2026*

***Христина Стојчевска***
- *„Која сум јас, каде одам?“, 140 x 90, диптих, масло на платно, 2017*

***Лара Ташковска***
- *„Феникс“, 50 x 70, акварел, 2025*
- *„Литургија“, 50 x 70, акварел, 2025*

***Емилија и Стојче Тоциновски***
- *„Во присојот на денот“, 50 x 70, акрил на платно, 2026*
- *„Јалдазлива земја го покри чајникот“, 44 x 44, актил на платно, 2024*

***Мирослав Мики Трендафиловски***

*Комплет „Порака за мир“*
- *„Голуб“, 24 x 30, акрил на платно, 2026*
- *„Лет кон светлината“, 20 x 20, масло на платно, 2026*
- *„Птица на мирот“, 30 x 24, акрил на платно, 2026*
- *„Атак на мирот“, 30 x 24, акрил на платно, 2026*

*CIP - Каталогизација во публикација*
*Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје*

*75.036/.038(497.7)(083.824)*

*МОТУС арт 2026 : НУЦК "Трајко Прокопиев" Куманово : септември 2026 / [уредник Мирољуб Голубовски ; фотографии Дејан Ангеловски, Боро Арсовски, Лара Ташковска]. - Куманово : Здружение за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски вредности МОТУС, 2026. - [16] стр. : илустр. ; 21 см*

*ISBN 978-608-5081-09-7*

*а) Современо сликарство -- Македонија -- Каталози од изложби*

*COBISS.MK-ID 69442821*